European Social Survey

# Употреба на интернет и дигитални социјални контакти



Асс. м-р Теа Конеска-Василевска
ИСППИ – УКИМ
Скопје, 14.3.2023 г.

**europeansocialsurvey.org**

ESS is a European Research Infrastructure Consortium (ESS ERIC)

## СЛЕДЕЊЕ ВЕСТИ ЗА ПОЛИТИКА И ЗА АКТУЕЛНИ СЛУЧУВАЊА

### ТЕОРИЈА НА ЗАВИСНОСТ ОД МЕДИУМСКИОТ СИСТЕМ (MEDIA SYSTEM DEPENDENCY THEORY, Ball-Rokeach & DeFleur, 1976)

- Медиумите и нивната публика треба да се проучуваат во контекст на поголемите општествени системи.
- Колку повеќе една личност зависи од медиумите за да ги задоволи своите потреби, толку поважни ќе бидат медиумите во животот на таа личност и, оттаму, медиумите ќе имаат поголеми ефекти врз неа.
- Трите главни потреби: потребата да се разбере општествениот свет (надзор); потребата да се дејствува значајно и ефективно во тој свет (општествена корисност); потребата да се избега од тој свет кога има висока тензичност (бегство во фантазијата).
- Два основни услова за зголемени медиумски потреби: висок број на медиуми и висока важност на медиумските функции во едно општество (развиени наспроти неразвиени земји); општествени промени и конфликти.
- Медиумите, политичкиот систем и граѓаните се силно меѓузависни во рамките на едно општество и имаат влијание едни врз други.

# Вести за политика и за актуелни случувања (Европа)

**Во еден вообичаен ден, колку време приближно поминувате гледајќи, читајќи или слушајќи вести за политика и за актуелни случувања?**




**Италија**: над 2,5 часа од денот
**Португалија**: речиси 2,5 часа од денот
**С. Македонија**: речиси 2 часа

**Финска**: околу 1 час од денот
**Швајцарија**: околу 1 час од денот
**Чешка**: околу 1 час од денот

# Вести за политика и за актуелни случувања (регионот)




**Македонија**: речиси 2 часа од денот / **Словенија**: помалку од 1 час од денот

## УПОТРЕБА НА ИНТЕРНЕТ

- Интернетот дава алтернатива за техничките ограничувања на моделот на емитување обезбедувајќи систем што се состои од повеќе производувачи, дистрибутери и потрошувачи (Poster, 1995): активна публика – партиципативност и интерактивност; хибридизација; седостапност на вести и содржини за информирање, едукација и забава.

- Интернетот и новите медиуми претставуваат еден вид посредници, кои како основен материјал ги користат старите, односно традиционалните медиуми – постмедиуми или метамедиуми (Manovich, 2015). Овој процес на посредување создава и т.н. зависност од нови медиуми.

# Употреба на интернет (највисок процент на употреба)

**Колку често користите интернет на компјутер, таблет или паметен телефон или на кој било друг уред, без разлика дали е за работа или за лична употреба?**




* Одговорите се дадени на петстепена скала: *секој ден*, *повеќето денови*, *неколкупати неделно*, *само повремено*, *никогаш*.

# Употреба на интернет (највисок процент на неупотреба)




* Одговорите се дадени на петстепена скала: *секој ден*, *повеќето денови*, *неколкупати неделно*, *само повремено*, *никогаш*.

# Употреба на интернет на дневно ниво (Европа)




**Македонија: околу 4 часа од денот**

**Шпанија**: речиси 5,5 часа од денот
**Шведска**: речиси 5,5 часа од денот
**Полска**: 5 часа од денот

**Унгарија**: околу 3 часа од денот
**Италија**: околу 3 часа од денот
**Словачка**: околу 3,5 часа од денот

# Употреба на интернет на дневно ниво (регионот)

**Во еден вообичаен ден, колку време приближно поминувате користејќи интернет на компјутер, таблет, паметен телефон или друг уред, без разлика дали станува збор за работа или за лична употреба?**




**Македонија: 4 часа од денот**

**Србија: речиси 4,5 часа од денот / Грција: околу 3 часа од денот**

# ДИГИТАЛНИ СОЦИЈАЛНИ КОНТАКТИ

**Дигитализација** – големи промени во комуникацијата, како во работата, така и во семејните и пријателските односи.

**ПРИДОБИВКИ**:

- Зголемена ефикасност на комуникацијата
- Полесно координирање на секојдневните активности

**НЕДОСТАТОЦИ**:

- Меѓусебно попречување на работниот и приватниот живот
- Нарушување на приватноста
- Изложеност на лажни вести, дезинформации, инфодемија

**ПРЕДИЗВИК**:

- Дигитална поделба: генерациски, ранливи категории, развиени/неразвиени земји и сл. → дигитална достапност и дигитална писменост

# Онлајн/мобилната комуникација прави луѓето да се чувствуваат поблиски едни со други



# Онлајн/мобилната комуникација прави работата и личниот живот да си попречуваат меѓусебно



# Онлајн/мобилната комуникација го олеснува координирањето на активностите и управувањето со нив

## На скала 0-10 (0 – воопшто не се согласувам, 10 – целосно се согласувам)



# Онлајн/мобилната комуникација ја нарушува личната приватност



# Онлајн/мобилната комуникација ги изложува луѓето на лажни, неточни и погрешни информации



## ПОДАТОК ЗА ИСТАКНУВАЊЕ ЗА С. МАКЕДОНИЈА

- СЛЕДЕЊЕ ВЕСТИ ЗА ПОЛИТИКА И ЗА АКТУЕЛНИ СЛУЧУВАЊА НА ДНЕВНО НИВО:
- ВО ПРВИТЕ ТРИ ЕВРОПСКИ ЗЕМЈИ СПОРЕД МИНУТИ ВО ДЕНОТ ВО ПРОСЕК
- ПРВА ОД ЗЕМЈИТЕ ВО РЕГИОНОТ





## Contact

tea.k@isppi.ukim.edu.mk
europeansocialsurvey.org
EuropeanSocialSurvey
European-Social-Survey
ESS_Survey
EuropeanSocialSurveyERIC

European Social Survey